


# ИСТОШТЕНИ ШУМИ

Мапирање на организираниот криминал
во форма на бесправна сеча на шуми

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА
ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR
EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

Canada

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

630*32:343.9.02(047.31)

ДЕМИРИ, Мариглен
Истоштени шуми [Електронски извор] : мапирање на организираниот криминал во форма на бесправна сеча на шуми / [автор Мариглен Демири]. - Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк, 2022

Начин на пристапување (URL): http://bitly.ws/opUL

- Текст во PDF формат, содржи 54 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 08.02.2022. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 52-54. - Публикацијата е во рамки на проектот: Вертикално спротивставување на нелегална сеча во Северна Македонија

ISBN 978-608-4923-40-4

а) Шуми -- Бесправна сеча -- Организиран криминал -- Извештаи

COBISS.MK-ID 56316933

**Издавач:**
**ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии - Скопје**

**За издавачот:**
Димитар Николовски, Извршен директор

**Автор:**
Мариглен Демири

**Истражувачки тим:**
Димитар Николовски

Александар Стојановски

Јоана Тренеска

Стефан Ѓуровски

Костантин Канзуров

**Контрола на квалитет:**
Димитар Николовски

Александар Стојановски

**Лектор:**
Бобан Карапејовски

**Графичко уредување:**
Сашка Дескоска

**Тираж:**
50 примерока

*Овој извештај е производ на проектот* ***„Вертикално спротивставување на нелегална сеча во Северна Македонија“****, поддржан од страна на Амбасадата на Канада преку Канадскиот фонд за локални иницијативи.*
*Мислењата и ставовите изразени во овој извештај се одговорност на организаторот на проектот и не секогаш ги одразуваат мислењата на донаторот.*

**2022**

Мариглен Демири

# ИСТОШТЕНИ ШУМИ

Мапирање на организираниот криминал во форма на бесправна сеча на шуми

Скопје, 2022

# СОДРЖИНА


07 ВОВЕД

09 МЕТОДОЛОГИЈА

09 ДЕСК-АНАЛИЗА

10 ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ

11 АНАЛИЗА НА НАДЛЕЖНИТЕ ТЕЛА

11 КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА РЕШАВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ СО БЕСПРАВНАТА СЕЧА НА ШУМИ

13 ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

15 ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, ШУМОЧУВАРСКА СЛУЖБА, ОСНОВНИ СУДОВИ И ОСНОВНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

18 ШТЕТИТЕ ОД БЕСПРАВНАТА СЕЧА

19 КРИВИЧНИ ДЕЛА

21 ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ

25 ОПШТИНСКИ ФОКУСИРАНИ ИНТЕРВЈУА

25 ПРОФИЛИ НА СТОРИТЕЛИТЕ

25 ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО

30 ВЕЛЕС И ВЕЛЕШКО

35 СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО

36 ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКИОТ РЕГИОН

42 СОЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА НЕЛЕГАЛНА СЕЧА ВО ПРИЛЕП, ВЕЛЕС, СТРУМИЦА И ВО ГЕВГЕЛИЈА

46 ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

51 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

# ВОВЕД

Истражувањето од 2020 година со наслов: „Пустошење на нашата иднина: форми/модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија", објавено од страна на Евротинк, укажа на итноста и на значајноста од преземање мерки против појавата на бесправна, инаку позната и како нелегална сеча. Во теоријата, интегрирана како дел од корпусот што го дефинира еколошкиот криминал, во поширокото дефинирање овој поим претставува ***„чин што е извршен со намера да се нанесе штета или потенцијално да се оштети животната средина и/или биолошкиот свет, со цел на тој начин да се прибави противправна имотна или лична корист"***[1].Овој вид криминал ги надминува националните граници и станува меѓународен проблем, земајќи ги предвид организациските структури на групите што се занимаваат со нелегалната сеча, кои се транснационални. Сериозноста и размерот на проблемот со сечата на шуми беше крената на меѓународен план. Имено, оваа година на Конференцијата за климатски промени во Глазгов, Шкотска беше нотирана опасноста од дефорестација. Над 100 држави во светот ја поддржаа иницијативата за сузбивање на оваа појава на глобално, но и на национално ниво, а една од тие држави е и нашата земја.

Истражувањето од 2020 година, кое финансиски беше поддржано од страна на Глобална иницијатива против транснационален организиран криминал, во рамките на Фондот за отпорност, спроведено и објавено од Евротинк, ги лоцира причините за бесправната сеча во структурните фактори, како што се лошото стопанисување со шумите, законските недостатоци, како и социоекономскиот фактор, кој ги стимулира и ги поттикнува ваквите форми на функционирање. Оттука, импликациите од оваа појава се многубројни и повеќеслојни, а со тоа и ургентни во насока на справувањето со нив.

[1] Mary Clifford, Environmental Crime: Enforcement, Policy, and Social Responsibility (Gaithersburg, Maryland: Aspen Publishers, 1998).

Освен реанимирањето на институциите во однос на овој вид еколошки криминал, истражувањето, исто така, забрза некои процеси во однос на засилување на механизмите за заштита и одбрана на шумите. Во таа насока, тоа го мотивираше потпишувањето на колективниот договор на вработените во секторот на Шумската полиција и подобрувањето на условите на вработените, во смисла на извршувањето на нивните работни должности. Всушност, извештајот своите препораки главно ги фокусираше во делот на Шумската полиција и подобрувањето на ефикасноста на оваа институција.

Беше истакната потребата од вработувања, повисоки плати, униформи, возила, опрема и стручна обука. Предмет на анализа беа состојбите во девет градови во нашата држава.

Првиот дел од извештајот што следува, се надоврзува на извештајот на Евротинк од 2020 година и како предмет на истражување го има развојот на настаните од денот на објавувањето на извештајот до крајот на календарската година (2021 година). Ги истражува релевантните и надлежни институции што се занимаваат со заштита на шумите, официјалните документи, меморандуми и записници од страна на државните институции, од една страна, и академските придонеси поврзани со овој домен, од друга страна. Така, истражувањето, на некој начин, врши мониторинг и проценка на влијанието на Извештајот на Евротинк од 2020 година врз надлежните институции задолжени за заштита на шумите овластени со Законот за шуми и со Кривичниот закон. Во анализата посебни поглавја им се посветени на Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми, Шумската полиција, ЈП Национални шуми и на кривичните предмети обработени од страна на подружниците на Јавното обвинителство и на основните судови во градовите Прилеп, Струмица, Гевгелија и во Велес.

Вториот дел од овој извештај се надоврзува на деветте претходно анализирани состојби во градовите Тетово, Куманово, Кичево, Струга, Скопје, Берово, Пехчево, Гостивар и Битола, надополнет со анализа на состојбите во градовите Гевгелија, Прилеп, Велес и Струмица. За таа цел беа интервјуирани 14 лица, кои на директен или на индиректен начин се занимаваат или се засегнати со оваа појава. Симптоматично е што може да се забележи дека проблемите во една општина или едно населено место се прелеваат и во друга општина или друго населено место. Исто така, се наметнува констатацијата дека овие проблеми со нелегалната сеча на шуми и дрвна маса не претставуваат само изолирани локални еколошки проблеми туку се и мултидимензионални, институционални, кривичноправни појави.

Методологијата опфаќа два пристапи. Првиот пристап е деск-анализата (анализа на достапни документи и јавно достапни информации), а вториот – теренско истражување, каде што низ интервјуа се собрани информации и искуства на релевантни претставници на институциите и на други засегнати страни.

## ДЕСК-АНАЛИЗА

Објавувањето на извештајот на Евротинк и креирањето на Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми, се земаат како почетна точка на оваа деск-анализа во насока на истражување на правно-институционалните аспекти на проблемот од почетокот до крајот на календарската 2021 година, период кога и се пишува оваа деск-анализа. Тука влегуваат и пријавите за кривични дела, предметите, динамиката на нивното спроведување во судовите и крајните исходи. Овие податоци се добиени врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку пребарување на интернет-порталите, социјалните медиуми и други интернет-извори што објавуваат и обработуваат вести на дневна база.

Испратени се 75 прашања до релевантните институции, од кои за 47 добиени се одговори, а за 10 институциите одговориле дека не ги поседуваат информациите за поставените прашања, додека, пак, за 12 не беа добиени никакви одговори[2].

[2] Одговори не беа добиени од страна на МВР во врска со прашањето за листа на спроведени активности од јануари до август, како резултат на заклучоците донесени од страна на Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми. Не беа добиени одговори од страна на Државниот завод за статистика за прашањата: Колку хектари пошумување е спроведено од 1951 до 2020 година распоредени по години и региони?; Колку формално вработени од редовите на ЈП Национални шуми ги спроведувале своите работни задачи во други институции или јавни претпријатија што не се во составот на ЈП Национални шуми во РС Македонија?; Колку се вработиле и колку се пензионирале во Шумочуварската служба од 1991 до 2020 година година, распоредени по години и по градови?; Колку се вработиле и колку се пензионирале во службата на Шумската полиција од 1991 до 2021 година, распоредени по година и по градови? Одговори не беа добиени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на прашањата: Записници од работата на сите одржани седници на координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми?; Колку службеници од Шумската полиција биле пријавени за злоупотреба на службена должност по член 353 од КЗ за дејства поврзани со бесправна сеча на шума по член 226 од КЗ од 1991 година до 2020 година распоредени по градови и години?; Колку пријави за бесправна сеча по член 226 од КЗ биле поднесени од 1991 до 2020 година поделени по градови?; Колку се вработиле и колку се пензионирале во службата на Шумската полиција од 1991 до 2021 година, распоредени по година и по градови? Одговор не беше добиен од страна на заменик-претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси на прашањето: Листа на спроведувани активности од јануари до август, како резултат на заклучоците донесени од страна на Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми? Одговор не беше добиен од страна на ЈП Национални шуми на прашањето: Колкава е количината на украдена дрвна маса од 1991 година до 2020 година распоредено по градови и по години? Одговор не беше добиен од страна на Основниот суд во Прилеп на прашањето: Колкав број правосилни пресуди со казна затвор и колкави казни затвор во секоја правосилна пресуда се досудени за бесправна сеча по член 226 од КЗ (во време досудено за отслужување затворска казна) се донесени од страна на судовите од 1991 година до 2020 година (дисагрегирани по година)?

Во однос на соработката со институциите, најслаба волја за соработка покажа Основното јавно обвинителство од Прилеп, од каде што добивме одговор дека не ги поседуваат информациите што ги бараме, и Државниот завод за статистика, од каде што не добивме никакви одговори во врска со испратените барања, а податоците што Заводот ги поседува ги добивме преку нивната интернет-архива, во која дел од информациите поврзани со шумарство се застапени во една публикација (од 2000 до 2007 година), а од 2008 до 2014 година податоците се објавени во годишници (за секоја година поединечно)[3] .

## ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ

Спроведени се 15 неструктурирани анонимни интервјуа во четири града, како надоврзување на објавеното истражување на Евротинк во 2020 година, спроведено во 9 града. Интервјуата се спроведени во Струмица, Велес, Прилеп и во Гевгелија.

Интервјуираните страни се лица што на директен или на индиректен начин се инволвирани во оваа проблематика. Нивните идентитети се заштитени и анонимни. Три типа интервјуирани претставници беа опфатени со интервјуата. Првиот тип се претставници на институциите што се занимаваат со заштита и спречување на криминалот од овој вид; вториот тип се претставници што во минатото биле активни протагонисти на бесправна сеча и третиот тип се луѓе што се претставници на невладиниот сектор, активисти, новинари и др.

Првите интервјуа со поранешните протагонисти на нелегална сеча во Прилеп беа направени на 3 и на 24 септември 2021 година. Три интервјуа во Струмица беа спроведени на 13 септември 2021 година, три интервјуа во Велес беа спроведени на 16 септември 2021 година, три интервјуа во Прилеп беа спроведени на 21 октомври 2021 година и две интервјуа во Гевгелија беа спроведени на 18 ноември 2021 година.

Дополнително на овие интервјуа, едно интервју во Прилеп беше спроведено на 2 декември 2021 година и едно интервју во Скопје беше спроведено на 22 ноември 2021 година. Оттука, спроведени се вкупно 15 интервјуа, од кои 6 во Прилеп, 2 во Гевгелија, 3 во Велес, 3 во Струмица и 1 во Скопје.

[3] Истражувачкиот тим се обиде да дојде до посвежи податоци, меѓутоа институциите со кои се обиде да стапи во контакт не споделија такви информации до затворањето на овој извештај.

Главно, прашањата се однесуваа на состојбата во локалната средина во која живее интервјуираниот, нивото на присуство на бесправната сеча, кој ја спроведува бесправната сеча, начините и формите како таа се спроведува, вклученоста и соработката на претставници на државните структури со организираните групи што извршуваат бесправна сеча, соработката меѓу претставниците на државните структури и институции задолжени за сузбивање на оваа појава, механизмите што ги користат овие институции за справување со оваа појава итн.

## АНАЛИЗА НА НАДЛЕЖНИТЕ ТЕЛА

Во продолжение на извештајот, како предмет на анализа ќе се разгледаат: (1) Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми, како новонастанато тело што е оформено за да се справи со бесправната сеча како проблем од ургентна важност, (2) Шумската полиција, како тело што е надлежно за спречување и сузбивање на појавата на бесправната сеча, (3) обработката на кривичните и на прекршочните предмети во подрачните единици (Струмица, Прилеп, Велес и Гевгелија) на јавните обвинителства и на основните судови, како важна алка во системот на спречување и сузбивање на криминални активности и (4) ЈП Национални шуми, како формално тело што стопанисува со државните и со приватни шуми и во чиј состав е и шумочуварската служба како дел од секторот заштита.

## КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА РЕШАВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ СО БЕСПРАВНАТА СЕЧА НА ШУМИ

На 29 јануари 2021 година, неполн месец по објавувањето на Извештајот од истражувањето на Евротинк, свикан е состанок од страна на заменик-претседателот на Владата за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси. На овој состанок учествуваа: министерот за внатрешни работи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, директорот на Бирото за јавна безбедност, директорката на ЈП Национални шуми, раководителката на

Шумската полиција и претставникот од Секторот шумарство и ловство од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. На состанокот е формирано Координативното тело за решавање на криминалот со бесправната сеча на шуми, како своевидна синтеза на субјектите што се надлежни за откривање, докажување и сузбивање на еколошкиот криминал, во овој случај – бесправната сеча.[4] Во ова тело не се вклучени претставници од судовите и од јавните обвинителства во државата, кои исто така, се важни субјекти во справувањето и спречувањето на оваа форма на криминалитет.

Освен што се идентификувани потребите за формирање вакво координативно тело, дадени се и насоки за донесување на закон за шумска полиција, измени и дополнувања на Законот за шуми, воведување систем за електронско следење на дрвната маса, кој е претставен како еден од приоритетите, и определен е координатор за надлежните институции и активности.

Оттогаш наваму (декември) ова координативно тело се состанало и на крајот на септември, а за записникот и преземените активности, во согласност со последниот состанок, учесниците во ова истражување немаат добиено одговор и покрај испратеното барање за пристап до информации од јавен карактер до МВР, МЗШВ и ЈП Национални шуми. Според спроведени активности на ова тело досега, може да се заклучи дека, освен започнувањето со спроведување на електронскиот систем за следење на дрвната маса, не е објавена информација за текот на спроведувањето на другите приоритети.

Во насока на исполнувањето на една од препораките од Евротинк, на 12 февруари 2021 година се потпишува Колективен договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Иако потпишувањето колективен договор за вработените во Шумската полиција не е внесено како приоритет, сепак, тој чекор е преземен, независно од заклучоците од состанокот на Координативното тело и одредените цели. Исто така, на 28 април 2021 Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на прес-конференција објави дека има извршено набавка на униформи за потребите на Шумската полиција.

[4] "Наши Шуми," ЈП Национални Шуми 79 (2021): 4.

# ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

Шумската полиција е формирана е на 1 октомври 1998 година, истата година кога се формира и Јавното претпријатие Национални шуми. Оттогаш, Шумската полиција е во составот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Нејзините активности и овластувања се во рамките на Законот за шуми, Законот за прекршоци и Кривичниот законик. Оттука, припадниците на оваа единица имаат овластувања:

- да ја чуваат шумата;
- да интервенираат;
- да ги спречат и да ги легитимираат или да ги приведат лицата затечени во вршење прекршоци казниви по овој закон или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела;
- да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или се пренесува дрво и други шумски производи на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи;
- да вршат привремено одземање предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело;
- да ја следат и да известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и да ги известуваат надлежните органи за противправното присвојување шуми и шумско земјиште, а против прекршителите да отвораат постапка пред надлежен орган.

Секторот на шумската полиција во 2021 година брои вкупно 380 вработени, иако во 2004 година вкупниот број вработени во Шумската полиција изнесувал 112 лица. Најголем прилив на нови лица се случува во 2009 година. Според членот 81 од Законот за шуми, Шумската полиција се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија. Воедно, тоа е и една од разликите со вработените во шумочуварската служба, која е дел од ЈП Национални шуми.

По препораките содржани во Извештајот на Евротинк од 2020 година, на кои се надоврзува овој извештај, во април оваа година беше потпишан колективен договор. Колективниот договор потпишан со синдикатот на Шумската полиција во април 2021 година е чекор напред кон подобрување на условите за работа на Шумската полиција и подигање на задоволството на вработените во овој сектор. За важноста на Шумската полиција во сузбивањето на овој вид криминал сведочи и изјавата на вицепремиерот за борба против корупцијата:

> ***„Оваа институција има клучна и исклучителна улога во сузбивањето на организираниот криминал. Се залагаме за намалување на ризиците од корупција и криминал. Го чуваме нашето природно богатство и ја штитиме животната средина."*** [5]

Со овој чекор условите на Шумската полиција значително, но не оптимално, се подобрени. Спроведените интервјуа укажаа на значајни елементи пропуштени сега, но и низ годините, во насока на подобрување на условите на вработените во овој сектор. Според изјавите во интервјуата на вработени лица во Шумската полиција, некои станици на Шумската полиција се наоѓаат во многу лоша ситуација во однос на сите аспекти: просторни, хигиенски, енергетска неефикасност, во некои случаи вработените во самите станици самоиницијативно го поправаат инвентарот, носат приватни компјутери и самоиницијативно купуваат грејни тела. Исто така, возилата на Шумската полиција не им се секогаш на располагање на овие лица при акциите што ги спроведуваат, а причините за тоа се или немањето гориво или нивната техничка неисправност.

Во однос на колективниот договор, кој е мошне значаен чекор, има и некои недостатоци. Имено, станува збор за неопфаќањето на административните лица од редовите на Шумската полиција, кои се вработени во оваа единица и кои се водат според Законот за државни службеници. Нив покачувањето на платата, според потпишаниот колективен договор, ги одминува, а многу често нивните задолженија се многу одговорни во насока на пишување на пријавите и на застапување во судови.

[5] "Николовски: Ги подобруваме условите за работа и ги мотивираме шумските полицајци посветено да придонесуваат кон борбата против нелегалната сеча," April 28, 2021, https://iportal.mk/makedonija/nikolovski-gi-podobruvame-uslovite-za-rabota-gi-motivirame-shumskite-policajci-posveteno-da-pridonesuvaat-kon-borbata-protiv-nelegalnata-secha/.

Тоа што останува да се имплементира е да се работи на подобрување на условите и перформансите на шумските полицајци, но и да се вложува во технички помагала со кои полесно би се спречувале или би се евидентирале случаите и извршителите на кривичните и на прекршочните дела поврзани со шумата. Така, на пример, може да се набават камери, дронови, да се вршат обуки за користење на овие технологии, да се овозможи пристап до интернет и до други видови ИКТ, особено во контекст на превенирање и рано откривање на шумските пожари, пред сè, во летниот период, наспрема борбата против бесправна сеча во есенскиот период. Исто така, зголемувањето на бројот на теренски возила и резерви на гориво останува како потреба на припадниците на овој сектор и тоа е, исто така, елемент што треба да се подобрува.

## ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, ШУМОЧУВАРСКА СЛУЖБА, ОСНОВНИ СУДОВИ И ОСНОВНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

Во однос на постапувањето во насока на спречување на извршувањето кривични дела и прекршоци, збунувачки е делот што се однесува на надлежностите на Шумската полиција и на шумочуварската служба. Како документи што ги одредуваат овластувањата на овие служби за заштита, освен Законот за шуми, кој во членот 82 одредува овластувања на Шумската полиција, постојат и два правилника за вршење на работата на овие структури. Првиот е Правилникот за правилата за вршење на работите на Шумската полиција, каде што, меѓу другите одредби од членот 8, стои и дека шумските полицајци можат да го преземат и следното дејство: **Поведување постапка за поднесување пријава за кривично дело или прекршок**[6].

Прекршочните пријави се доставуваат директно во месно надлежниот суд, додека, пак, кривичните пријави шумската полиција ги доставува во основните јавни обвинителства. Слични се и надлежностите на шумочуварската служба, која дејствува во рамките на Секторот заштита при ЈП Национални шуми. Имено, претставниците на оваа служба имаат овластувања да поднесат „кривична пријава или барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд или орган на државната управа“.[7] Тоа што останува слабост во однос на поведувањето постапки, било прекршочни или кривични, е тоа што нема конкретен член или внатрешен акт со кој се уредува односот на шумочуварската служба или Шумската полиција, според кои критериуми го одредуваат делото како прекршочно или како кривично.

[6] Закон за шуми, ПРАВИЛНИК ЗА ПРАВИЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА, (Службен весник на Република Македонија, бр.112), член 7.

[7] Закон за шуми, ПРАВИЛНИК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ШУМОЧУВАРСКАТА СЛУЖБА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНА КНИГА ЗА БЕСПРАВНИТЕ ДЕЈСТВИЈА И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ВО ШУМОЧУВАРСКИОТ РЕОН, (Службен весник на Република Македонија, бр.112), член 7.

Законот за шуми, во членовите 101, 102, 103, 104, 105 и 106, ги одредува прекршочните постапки и глобите за физичките или за правните лица што се прекршители на законот. Тоа што останува да биде нејасно е на кој начин организираните групи што вршат бесправна сеча и кои го кршат членот 226 од Кривичниот закон би биле процесирани пред правосудните институции на државата. Податоците добиени од службите на Шумската полиција и ЈП Национални шуми говорат дека прекршочните предмети се неколкупати побројни отколку кривичните, што укажува на тоа дека овие служби во однос на справувањето со бесправната сеча се потпираат на Законот за шуми, кој одредува прекршочни инструменти, а не на Кривичниот законик, кој овозможува кривичен прогон.

Од друга страна, пак, бесправната сеча е сè поприсутна и поопасна за интегритетот на шумите и за животната средина.

Табела бр. 1

Преглед на: ***Број на предмети отворени од страна на Шумочуварската служба, Шумската полиција и Предмети процесирани од страна на Јавните обвинителства и основните судови***

| Година на поднесени пријави | Број на поднесени предмети испратени од Шумската полиција до Јавното обвинителство | Број на поднесени предмети испратени од Шумската полиција до основните судови | Предмети процесуирани по градови од страна на Јавните обвинителства и основните судови | | | | Поднесени пријави од ЈП Национални шуми на целата територија на Р. Северна Македонија | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Прилеп* | Струмица | Гевгелија | Велес | Прекршочни | Кривични |
| 1991 | | | | | 0 | | | |
| 1992 | | | | | 0 | | | |
| 1992 | | | | | 0 | | | |
| 1994 | | | | | 0 | | | |
| 1995 | | | | | 0 | | | |
| 1996 | | | | | 0 | | | |
| 1997 | | | | 3 | 0 | 1 | | |
| 1998 | | | | | 0 | | | |
| 1999 | | | | | 0 | | | |
| 2000 | | | | | 0 | 4 | | |
| 2001 | | | | | 0 | 2 | | |
| 2002 | | | | | 0 | 9 | | |
| 2003 | | | | | 0 | 9 | | |
| 2004 | | | | 1 | 0 | | | |
| 2005 | | | | 8 | 0 | 1 | | |
| 2006 | | | | | 0 | | | |
| 2007 | | | | 2 | 0 | | | |
| 2008 | | | | | 0 | | | |
| 2009 | | | | | 0 | | | |
| 2010 | 204 | 2456 | | 0 | 0 | | | |
| 2011 | 183 | 2056 | | 0 | 0 | | 2582 | 753 |
| 2012 | 212 | 2012 | | 0 | 0 | | 3246 | 840 |
| 2013 | 273 | 2624 | | 0 | 0 | | 1363 | 267 |
| 2014 | 265 | 2224 | | 0 | 0 | | 721 | 186 |
| 2015 | 322 | 1833 | | 0 | 0 | | 701 | 56 |
| 2016 | 174 | 1228 | | 0 | 0 | | 537 | 145 |
| 2017 | 187 | 1204 | | 1 | 0 | | 386 | 95 |
| 2018 | 216 | 1167 | | 0 | 0 | | 574 | 127 |
| 2019 | 171 | 909 | | 0 | 0 | | 518 | 84 |
| 2020 | 173 | 1037 | | 0 | 0 | | 466 | 84 |
| **Вкупно пријави** | **2380** | **18750** | **Нема информации** | **15** | **0** | **26** | **11094** | **2637** |

Во Табелата 1 може да се забележат генералните бројки и податоци, сумирани и распределени низ години, како што, впрочем, и беа побарани преку барањата за пристап до информации од јавен карактер од следните институции: ОЈО – Прилеп, ОЈО – Велес, ОЈО – Струмица, ОЈО – Гевгелија, ОЈО – Скопје, Основен суд – Прилеп, Основен суд – Велес, Основен суд – Гевгелија, Основен суд – Струмица, ЈП Национални шуми, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за внатрешни работи.

Така, според Табелата 1, бројот на кривичните предмети на ниво на Република Северна Македонија од 2010 година испратени до основните јавни обвинителства од страна на Шумската полиција е 2380 пријави, а бројот на кривични дела испратени од страна на шумочуварската служба е 2637. Исто така, бројот на прекршочни пријави испратени до судовите од страна на Шумската полиција е 18750 вкупно (од 2010 година наваму), а пријавите испратени од страна на ЈП Национални шуми вкупно бројат 11094.

Во Табелата 1 се прикажани и процесираните кривични дела изразени во бројки низ годините, заедно со бројките на предмети испратени од страна на Шумската полиција и ЈП Национални шуми.

Тоа што останува како дилема е прашањето: од кои причини службите на Шумската полиција и на шумочуварската служба се одлучуваат за прекршочни пријави за дела на сторителите на бесправната сеча, а не за кривични пријави, како што тоа го налага членот 226 од Кривичниот законик.

# ШТЕТИТЕ ОД БЕСПРАВНАТА СЕЧА

Според истражувањето од 2020 година, вкупниот број штети предизвикани од бесправната сеча на територијата на Република Северна Македонија изнесува 245 118 $м^3$ [8].Од друга страна, теренската анализа укажува на малку поинаква состојба и несоодветност со нештата на терен.

*„Шумочуварската служба. Колку изнесува таа сеча, дека тие може и да скријат, да не евидентираат. Ако ја прикаже целата дива сеча во некоја подружница, ќе се бара одговорност, зашто нема дејност преземена за превентива. Тие можат само дел од дрвната маса да прикажат, тактички да постапи. Ако ја прикаже сета, значи не завршиле работа во однос на превенција. Затоа сметам дека евидентираната дрвна маса украдена не е точна, може да биде и до 100 000 метри годишно.“* [9]

Оваа анализа ги има предвид бројките добиени од страна на ЈП Национални шуми, поделени по градови: Струмица, Гевгелија, Прилеп и Велес.

Оттука, според овие податоци, вкупната бројка бесправно исечени дрвја во Струмица во периодот од 2014 до 2019 изнесува 1116,32 м3, вкупната бројка бесправно исечени дрвја во Гевгелија изнесува 339,03 м3, вкупната бројка бесправно исечени дрвја во Прилеп изнесува 16949,26 м3 и вкупната бројка бесправно исечени дрвја во Велес изнесува 1615,54 м3.

8 Иван Стефановски, Александра Данаиловска, and Мила Георгиевска, “ПУСТОШЕЊЕ НА НАШАТА ИДНИНА: ФОРМИ/МОДЕЛИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ВО БЕСПРАВНАТА СЕЧА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА” (Скопје: ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ ЕВРОТИНК, 2021), http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/02/CIP-FINAL-Izvestaj-Drvokradci-%D0%9C%D0%9A.pdf.

9 Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Скопје, 22.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Табела бр. 2

*Проценка на бесправно исечена дрвна маса (м³ ) по години и подружници на ЈП Национални Шуми*

| Година | Струмица - „Беласица“ | Гевгелија - „Кожув“ | Прилеп - „Црн бор“ | Велес - „Бабуна“ |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 179,3 $м^3$ | / | 5285,96 $м^3$ | 1382,09 $м^3$ |
| 2015 | 319,82 $м^3$ | / | 3951,77 $м^3$ | 677,22 $м^3$ |
| 2016 | 71,86 $м^3$ | 27 $м^3$ | 2916,47 $м^3$ | 1385,44 $м^3$ |
| 2017 | 131,3 $м^3$ | 183,6 $м^3$ | 1628 $м^3$ | 882,9 $м^3$ |
| 2018 | 367,79 $м^3$ | 41,38 $м^3$ | 1568,72 $м^3$ | 990,08 $м^3$ |
| 2019 | 46,25 $м^3$ | 87,05 $м^3$ | 1598,34 $м^3$ | 1615,54 $м^3$ |
| **Вкупно** | **1116,32 $м^3$** | **339,03 $м^3$** | **16949,26 $м^3$** | **6933,27 $м^3$** |

Во погоре цитираното интервју, спроведено со претставник на институциите за заштита и справување со еколошкиот криминал, беше предложено овие бројки да се земат со доза на резерва. Според него, бројките се далеку поголеми и посериозни, меѓутоа оваа анализа ги обработува податоците добиени од страна на институциите на државата задолжени за автентична обработка на податоците во рамките на својата надлежност.

Во секој случај, добиените податоци од страна на Државниот завод за статистика и од страна на ЈП Национални шуми укажуваат на ургентна потреба за превенција и справување со оваа појава.

## КРИВИЧНИ ДЕЛА

Според табелата, во периодот 2010-2021 година од секторот на Шумската полиција до основните судови поднесени се 18750 барања за поведување прекршочни постапки, а до основните јавни обвинителства се поднесени 2380 кривични пријави. Податоците во Табелата 1 зборуваат за енормни бројки на поднесени пријави. Со тоа, активноста на Шумската полиција во оваа насока не е мала.

Од друга страна, добиените податоци од подрачните јавни обвинителства (Прилеп, Струмица, Велес и Гевгелија) и од основните судови во однос на процесирани кривични пријави каде што Обвинителството ги има добиено случаите во првостепена постапка или обвинетите ги обжалиле, или, пак, биле на крајот ослободени, се многу оскудни.

На пример, според податоците добиени од Основниот суд во Велес, вкупно 20 предмети се процесирани во однос на делото „пустошење шума", според членот 226 од КЗ од 1991 година до 2020 година. Од нив, 3 се парични казни, 11 условни, 3 се запрени, 2 се одбивателни. Податоците добиени од ОЈО Велес укажуваат дека од 1997 година до 2005 година во Велес вкупно имало 17 предмети поведени од страна на Обвинителството, од кои еден во 1997 година, четири во 2000 година, девет предмети во 2002 година и еден во 2005 година. Не само што постои неусогласеност меѓу судовите и обвинителството туку постои и незаинтересираност на овие институции за обработување на пријавите, но и за нивно кривично процесирање.

Во таа насока говори и инертноста на овие институции во однос на начините на одговарање на барањата за информации од јавен карактер. На пример, Обвинителството од Прилеп, градот што според спроведените интервјуа предничи со бесправна сеча во споредба со другите три града (Струмица, Велес и Гевгелија), испрати одговор дека ОЈО - Прилеп не е надлежно и дека не располага со бараните информации и за нивното добивање е потребно е да се обратиме до месно надлежниот основен суд[10]. Откако истите прашања беа испратени и до Основниот суд во Прилеп, беа добиени информации дека од 2008 година до 2020 година во Основниот суд Прилеп евидентирана е една осудителна пресуда за две лица за кривичното дело по чл. 226 од КЗ, не е донесена првостепена ослободителна пресуда по чл. 226 од КЗ и не е донесена правосилна ослободителна пресуда по чл. 226 од КЗ.

Ова несогласување на податоците и, практично, неводење единствена, односно централизирана евиденција за овој тип кривични дела, води до неколку логички заклучоци. Имено, државните институции задолжени за кривичниот прогон не евидентираат, не архивираат и не водат доволно грижа за спроведување на интегралните делови од кривичното право; овие институции сметаат дека овој домен на правото е помалку важен од другите аспекти од Кривичниот законик. Оттука доаѓа и основата за донесување заклучок дека, и покрај големиот број пријави поднесени од страна на Шумската полиција и на Шумочуварската служба, сепак, тие предмети не се претвораат во кривични постапки, односно нивниот епилог останува на поведување прекршочни постапки.

[10] „Ве известуваме дека Основното јавно обвинителство Прилеп не е надлежно и не располага со бараните информации и за добивање на истите потребно е да се обратите до основниот суд надлежен за подрачјето на Вашиот интерес".
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО, А.бр.114/21, 24.092021 година, Прилеп, МИ/МШ.

ЈП Национални шуми претставува јавно претпријатие што стопанисува со државните шуми и шумите кои се во приватна сопственост. Претпријатието е основано во 1998 година со одлука на Владата на Република Македонија, кога впрочем, започнува со интегрално стопанисување со шумите и станува правен следбеник на претпријатијата за стопанисување со шумите што постоеле дотогаш, а биле вкупно 30.

До 1998 година организациската структура на подружниците била децентрализирана и тие имале поголема автономија. Таа автономија се однесувала, главно, на финансиските аспекти. Подружниците што биле фокусирани на производство, имале поголеми приходи, додека, пак, другите, кои немале капацитети за производство, имале пониски приходи и, следствено, пониски плати за вработените. Оттука, централизацијата на претпријатието, со која главните одлуки се носат во централата, ги фрустрира претставниците на подружниците, особено оние подружници што се ориентирани кон производство. Начинот на слевање на средствата во заедничката каса ги оневозможува вработените од овие подружници да добиваат поголеми плати и да располагаат со ресурсите автономно, во интерес на подобрување на условите за работа и функционирање на подружниците, по цена на солидарна распределба за вработените на сите подружници.

> ***„За голем дел од подружниците ова е многу добро, зашто некои немаат производство, а земаат 100 отсто плата. Порано тие што работеа добро, земаа цела плата, а другите 70-80 отсто. Некој не работи со 100 кубика, веќе иницира неработење и кај некои што има работа. Зошто да работи?“*** [11]

Во оваа насока оди и тоа дека дејноста на претпријатието во однос на финансиската структура е втемелена на самофинансирање. Минатата, 2020 година, претпријатието ја заврши со загуба од 83,4 милиони денари, па Владата беше принудена да интервенира со неповратна финансиска помош од 100 милиони денари[12]. Оттука, производствените капацитети на претпријатието во дадените околности и моменти не може да ги покрие финансиските капацитети.

Забелешките кон претпријатието често се поврзуваат и со вработувањата во централата и во подружниците. Тие не ја одминуваат и партизацијата, која во најголем број случаи се поврзува и со некомпетентност и неквалитет, иако податоците покажуваат дека во последниве 30 години малку по малку се намалуваше бројот на вработените во шумарството, за на крајот тој да биде преполовен.

Од 4315 вработени во 1990 година, во 2019 година бројот се намалува на 2220 вработени, од кои 1800 редовно вработени, додека околу 440 со договори на определено време. Доколку се спореди бројот на вработените и територијата што треба да се заштитува и да се одгледува, тогаш бројките се уште пофрапантни (прилог: Табела бр. 3):[13]

Табела бр. 3

*Соодност на вработени во сектор шумарство (МЗШВ + ЈП) и површина на шума (ха) 1990 - 2019 година*

| Година | Шумски фонд / површина под шума (ха) | Вработени во шумарството | Соодност вработени/ површина под шума |
|---|---|---|---|
| 1990 | 912212 | 4315 | 211,4 |
| 1991 | 946888 | 4213 | 224,8 |
| 1992 | 963571 | 4199 | 229,5 |
| 1993 | 963715 | 4075 | 236,5 |
| 1994 | 965941 | 3592 | 268,9 |
| 1995 | 965650 | 4253 | 227,1 |
| 1996 | 953322 | 4145 | 230,0 |
| 1997 | 968033 | 3703 | 261,4 |
| 1998 | 968562 | 3448 | 280,9 |
| 1999 | 950594 | 3301 | 288,0 |
| 2000 | 957550 | 3006 | 318,5 |
| 2001 | 997374 | 2680 | 372,2 |
| 2002 | 989046 | 2980 | 331,9 |
| 2003 | 955294 | 2376 | 402,1 |
| 2004 | 947653 | 2250 | 421,2 |
| 2005 | 955228 | 2184 | 437,4 |
| 2006 | 959259 | 2242 | 427,9 |
| 2007 | 941969 | 2250 | 418,7 |
| 2008 | 943048 | 2408 | 391,6 |
| 2009 | 949329 | 2504 | 379,1 |
| 2010 | 960431 | 2576 | 372,8 |
| 2011 | 981812 | 2436 | 403,0 |
| 2012 | 988835 | 2324 | 425,5 |
| 2013 | 987545 | 2298 | 429,7 |
| 2014 | 983388 | 2376 | 413,9 |
| 2015 | 994403 | 2450 | 405,9 |
| 2016 | 1001665 | 2414 | 414,9 |
| 2017 | 1001489 | 2238 | 447,5 |
| 2018 | 1007095 | 2162 | 465,8 |
| 2019 | 1019253 | 2220 | 459,1 |

11 Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Скопје, 22.11.2021 г.

12 А.К., "Владата „ги Почасти" Национални Шуми Со 100 Милиони Денари," January 9, 2021, https://faktor.mk/vladata-gi-pochasti-nacionalni-shumi-so-100-milioni-denari.

13 Извор: Статистички годишници на ДЗС: Земјоделство, Шумарство

Во 2019 година имаше 26 % помалку вработени во шумарството отколку во 2000 година. Така, со намалувањето на бројот на вработените се зголемува и територијата што треба да биде заштитена. Особено може да се издвои бесправната сеча како посебен вид заштита, каде што природата на работните задачи не ја вклучува само површината на шумите, туку и интерференцијата со луѓе и организиран криминал. Во 2019 година еден вработен шумочувар има поголема територија за надгледување отколку шумочуварот во 1991 година, а како што покажуваат бројките – проблемот е неколкупати зголемен!

Ова е многу значаен податок во насока на тезата за превработеноста во секторот шумарство. Всушност, споредено со почетните години на самостојноста на РСМ, бројот е екстремно променет. Тоа што останува како проблем во однос на вработувањата е присуството на партизацијата при селекцијата на кадрите. Околу автономијата на организирањето и дејствувањето, освен елементот на финансиската заработка на подружниците, спроведените интервјуа укажаа на една друга димензија. Имено, начинот на вмрежување и комуникацијата меѓу подружниците.

*„До формирањето на јавното претпријатие, имаше поголема соработка меѓу подружниците до 1998 г. Откако се формира јавното претпријатие, ингеренциите ги презеде јавното претпријатие во Скопје. Тоа командува, диригира, раководи со 30 подружници во Македонија. Подружниците праќаат пари до горе, а дирекцијата командува со работата на ниво на цела Македонија.“* [14]

Во спроведените интервјуа експлицитно се наведе елементот на децентрализација, а тука особено се истакна и финансиската автономија и располагање со средствата.

*„Пред централизација имавме одлични односи и со Кавадарци, Берово, Струмица, Охрид, Струга. Не може ние да заработуваме, а да немаме пари. Срамота е да не можеме да купиме 20 стола. Од Скопје не ни знаат каков е процесот на производството, немаат дојдено да видат што се случува тука. Ние ги заработуваме парите, а тие ги користат. 100 луѓе бирократија управуваат со нас. Тие се најголемиот товар на сите подружници.“* [15]

[14] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
[15] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Оваа година ЈП Национални шуми, во координација со Координативното тело за спречување на криминалот и корупцијата во однос на нелегалната сеча, презеде сериозни чекори во воведувањето електронско следење на дрвната маса. Според примерот на Бугарија, овој систем ги отфрла хартиените испратници и воведува ГПС за следење на возилата што го добиваат правото за сеча, без можност за поголема манипулација. Овој систем може да обезбеди, како што велат од Македонски шуми, од 20 до 30% од постојната сеча, но може да ги намали и да ги контролира злоупотребите.

Од друга страна, претпријатието во блиското минато се соочувало со своевидни парадоксални ситуации, особено во контекст на бесправната сеча. Изминатите години во Југоисточниот Регион во Северна Македонија беа предвидени неколку рудници за бакар и злато. Еден од рудниците беше предвиден во селото Иловица, во околината на Струмица, во подножјето на планината Огражден. Тука е значајно да се истакне совпаѓањето на контекстот со (не)отворањето на рудниците над селата Штука и Иловица и десетгодишната концесија за сечење на шумата, која територијално се совпаѓа со местото каде што рудникот требаше да биде отворен. Според неофицијалните информации, истакнати од страна на еколошките организации, исечени биле меѓу 700 и 1000 хектари шума, од кој поголемиот дел букова шума, која тешко се обновува. [16]

Тогашниот директор на подружницата на ЈП Национални шуми – Струмица беше еден од протагонистите на сечата, но и на отворањето на рудникот. Во 2017 година тој се пензионираше, меѓутоа во јавноста неговата улога на промотор на отворањето на рудниците продолжи.

[16] "Рудник Нема, Но Шумата Над Иловица Безмилосно Се Уништува, Надлежните Велат – Се е Законски," Мета.Мк, 2019, https://meta.mk/rudnik-nema-no-shumata-nad-ilovicza-bezmilosno-se-unishtuva-nadlezhnite-velat-se-e-zakonski/?fbclid=IwAR2ljZtkBPXvh_lihZmlFY64WBJlSzcPU4YNZecKzPAAO6YqS6KJE85PmQs.

# ПРОФИЛИ НА СТОРИТЕЛИТЕ

## ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО

„Катастрофа“ е првиот и последен збор со кој се соочува секој интервјуирач кога зборува со жителите на Прилеп и неговата околина, кога станува збор за бесправната сеча на дрвја во тој регион. Таму се сече на сите страни, а згора на тоа, од Прилеп во последниве години има „експедиции“ и кон Велешкиот Регион. Месноста каде што се сече најмногу последните години се нарекува Дервен. Дервенската точка е најкритична и претставува своевиден мост за премин во велешките села Степанци и Смиловци. Групата што сече во Дервен и преминува кон Велес, живее и дејствува во градот Прилеп и дрвата најчесто завршуваат таму. Може да се каже дека во далеку помали количини се сече и во јужниот дел на мариовските шуми, меѓутоа таму главниот мотив на сечата е за огрев на семејствата што живеат таму и кои се во поодмината животна возраст.

Бесправна сеча има и на планината Бабуна, од вториот профил групи, кои организирано се протегаат сè до Богомила. Оваа група живее во прилепските села и најчесто на нелегален начин се снабдува со дрва и ги продава во прилепските села.

Според процените на ЈП Национални шуми, во Прилепскиот Регион од 2014 до 2019 година бесправно се исечени околу 16949,26 метри кубни.

Табела бр. 4

*Податоци добиени од подружница ЈП Национални Шуми „Црн Бор“ - Прилеп*

| Година | Проценка на бесправно исечена дрвна маса (м$^3$) |
|---|---|
| 2014 | 5285,96 м$^3$ |
| 2015 | 3951,77 м$^3$ |
| 2016 | 2916,47 м$^3$ |
| 2017 | 1628 м$^3$ |
| 2018 | 1568,72 м$^3$ |
| 2019 | 1598,34 м$^3$ |
| **Вкупно** | **16949,26 м$^3$** |

Значајно за овој регион е тоа што Прилеп територијално е најширокиот површински дел од земјава и институциите што се задолжени за заштита и спречување на овој вид еколошки криминал, не само што имаат мал број вработени туку, исто така, се соочуваат и со голема територија што треба да ја покријат. Нивниот број расположливи ресурси на покривање на оваа територија е оскуден, а институционалната соработка на локално и на регионално ниво потфрлувала во неколку наврати при организирани акции. Познат е случајот од минатата година на планината Мукос, во близина на селото Степанци, каде што неколкумина полицајци, заедно со нивниот командир од полициската станица Чашка, беа претепани од организирани групи од Прилеп и Прилепско. [17]

Службите што се задолжени да се справуваат со овие групи се Шумската полиција и шумочуварската служба како дел од подружницата на ЈП Национални шуми „Црн бор" – Прилеп. Територијата што треба да ја мониторираат, да ја заштитуваат и да интервенираат се состои од три општини: Прилеп, Долнени и Кривогаштани. Оттука и лошата координација на терен кога се организираат и се спроведуваат акции на институциите во насока на запленување и приведување на извршителите на кривични дела. Во минатото координациите и акциите што се случувале ги вклучувале структурите на Министерството за внатрешни работи, кои во случајот со Прилеп и Прилепско се однесуваат на три полициски станици – во Прилеп, во Долнени и во Кривогаштани. Соработката со една од овие институции често пропаѓа, веројатно затоа што акциите што се спроведуваат, со цел заплена или во врска со извршување на други дејства со кривична димензија, вклучуваат и осомничени и полицајци жители на самите села, кои многу често и самите се снабдуваат со дрва од страна на овие организирани групи.

> ***„Во одредени региони, како Црнилиште, ќе биде потешко, таму е многу полошо, бидејќи каде што ги крадат дрвата, мора да се помине и низ селото. Тие ќе им кажат, плус ако сопреш некој кај селото, за 3 минути има 500 луѓе. Цело село излегува и тука не може полицијата да преземе ништо. Постои голема веројатност дека има корумпирани припадници од месно надлежната полициска станица."*** [18]

Може да се забележи дека во помалите рурални средини овие, дејства не само од страна протагонистите на еколошкиот криминал туку и од другите, кои на некаков – директен или индиректен – начин се засегнати од оваа појава, не се доживуваат како криминал.

[17] П. Печков, "ПЕТМИНА ПОЛИЦАЈЦИ ПРЕТЕПАНИ ОД ДРВОКРАДЦИ КАЈ ВЕЛЕШКОТО СЕЛО СТЕПАНЦИ," СакамДаКажам, September 25, 2020, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/petmina-politsajtsi-pretepani-od-drvokradtsi-kaj-veleshkoto-selo-stepantsi/.

[18] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

*„Кај вештачкото езеро има шумско-стопанска единица Дервен-Никодин, тоа е еден дел кој е нападнат најмногу .[19] Реонот кај Бабуна е најмногу нападнат, посебно с. Црнилиште и Десово. Таму е најкатастрофално. И реонот Царевиќ Дрен/Беловодица, тоа е пред Плетвар, таму месното население е од Радовил и тие оперираат.“[20]*

Начинот на организирање на овие групи е подобро осмислен и хиерархиски поставилен. Оттука и нивната постојаност и настојчивост во извршувањето на ова дејство, за разлика од институциите на државата и вработените шумски полицајци и шумочувари, кои во однос на бројката често се помалку на број.

***„Тоа е организирана кражба, одовде земаат аргати што ќе работат за нив... Има и што крадат и што организираат. Таму ние не смееме да одиме, ќе нѐ убијат. Малку има шумочувари, подложни се на закани... На шефот на заштита дома му дојдоа, приватната кола во дворот му ја запалија. Можеш да замислиш каков притисок е тоа.“[21]***

Заканите врз овие служби често завршуваат и со несакани последици, како уништување на приватниот имот на службеникот или физички напади. Во најдобар случај, средбите со овие организирани банди завршуваат со закани, кои во некои наврати и се исполнуваат.

Интервјуата во Прилеп откриваат значајна димензија на функционирањето на самите заштитни институции, имено: а) недоверба во сопствените (професионални) капацитети и б) песимизмот во врска со справувањето со оваа ситуација, која впрочем, и е последица на првата. Недовербата се појавува поради т.н. ниска корупција и соработка на одредени припадници на структурите задолжени за спречување и гонење на криминалот со извршителите на овие дела, а од друга страна, оние професионалци што достојно ја извршуваат својата работа и се во анксиозна ситуација, немаат секогаш доверба во своите колеги со кои се во патрола, иако често и животите им висат на конец.

[19] Интервјуираните страни, какви што се претставниците на институциите и сторителите на организираниот криминал во однос на бесправната сеча, укажуваат на одредени етнички малцинства, меѓутоа, истражувачкиот тим, сакајќи да спречи каква и да е репродукција на стереотипи и предрасуди, на одредени места интервенираше и ги менуваше тие одредници.

[20] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[21] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

*„Ако одиш сè по закон, никој нема да те погледне. Сум бил во ситуација каде што дрвокрадец им рече на двајца колеги: 'Дали малку ви имам дадено?' Има ситуации и моменти, но јас велам дека, ако сакаме да сопреме нешто, треба да има организација. Мислам дека во цела Македонија истото се случува."*[22]

Прилепскиот Регион е најзасегнат со оваа појава. Сепак, во однос на ова истражување, од испратените барања за информации од јавен карактер до Основното јавно обвинителство во Прилеп и Основниот суд во Прилеп, беа добиени информации дека Основното јавно обвинителство во Прилеп не поседува информации за кривични дела спроведени во однос на делото „пустошење шума" по член 226 од Кривичниот законик, а пак, од Основниот суд во Прилеп беше добиена информација дека од 2008 година до 2020 година во Основниот суд Прилеп евидентирана е една осудителна пресуда за две лица за кривично дело по чл. 226 од КЗ; не е донесена првостепена ослободителна пресуда по чл. 226 од КЗ и не е донесена правосилна ослободителна пресуда по чл. 226 од КЗ.

Во насока на прекинување на синџирот на кривичните постапки и процеси, може да се земе предвид не само информацијата за вкупниот број кривични пријави на ниво на територијата на Република Северна Македонија – 2380 пропишани од страна на службеници на Шумската полиција и 2637 од страна на шумочуварската служба – туку и врз база на пријавите за напади врз службениците вработени во подружницата на ЈП Национални шуми „Црн бор" – Прилеп, но и врз службениците на подружницата во Велес – „Бабуна", кои вкупно бројат 45 напади, или: во Прилеп 14 напади во 2015, 2017, 2018 и во 2019, додека, пак, во Велес – 31 случај на напад врз шумочувар и тоа во календарските 1999, 2002, 2005, 2013, 2016, 2017 и 2020 година.

[22] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

*„Ние одиме на терен двајца или тројца, а во моментот каде што се сече одат по 14 или 15 души. Доведени сме во многу голема опасност. Се случиле и напади, одговоривме на нападот и 5 полицајци бевме осудени по една година условно. Кажете ми каде сме ние вработени? Во државата? Чуваме државен имот? Зошто не праќаат на терен?... Животот ми бил доведен во опасност и гледаш дека колегата ти го даваат 4-5 лица и ти што ќе правиш, ќе седиш со скрстени раце? Во таа ситуација бевме осудени по една година условно. Го прашав јавниот обвинител зошто ме судиш? Ми рече дека сме употребиле прекумерна физичка сила. Го прашав: а зошто не ме судиш за оружјето? Ми рече: бидејќи си бил во опасност да го спасиш колегата. Па тогаш, зошто ме судиш? Јас не бев таму на фудбал, бев со наредба на терен да одам и добивме напад. Ние како да возвратиме?“* [23]

Недовербата кон сопствените редови е проследена и со недоверба кон правосудните инстанци. Се случувало вработени во институциите да се пресметуваат меѓу себе со казни и со различни прекршочни и дисциплински односи. На крајот, кај вработените задолжени за справување со еколошкиот криминал завладува и стравот за својот живот и за животот на блиските. Лошата институционална соработка на локално ниво, проследена со лошите услови за работа (ниски плати, немање возила или гориво за возилата, немање оружје или право да се користи во дадени моменти при закана за животот, неажурноста на други институции, како МВР, по ова прашање, малите прекршочни казни за сторителите итн.) ги демотивираат протагонистите што го спроведуваат законот.

*„На времето, јас сум правник по професија, и јас ги правев пријавите за на суд за одземени дрва пред 15 години. По 300 до 400 пријави правеа нашите шумари за бесправно земени дрва, имавме повеќе шумари, сега една пријава нема во 3 години направено, страв им е. И, што корист од нив? Затоа нека ја растурат шумочуварската служба, да не постои, но и да се смени и Законот за шуми или нас да нѐ опремат како што треба.“* [24]

[24] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[23] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

## ВЕЛЕС И ВЕЛЕШКО

Велешкиот Регион во однос на проблемот со бесправната сеча и територијално и методолошки следува по Прилеп. Земајќи предвид дека Прилеп претставува своевиден центар на бесправната сеча во контекст на теренската анализа направена во избраните градови, географската територија каде што се слеваат организираните групи е велешката. Таму, иако во минатото имало поголеми проблеми со бесправната сеча, во последниве години таа е многу намалена. Групите што сечат во Велешкиот регион главно доаѓаат од Прилеп и дрвата ги носат назад во Прилеп. Во последниве години се појавува тенденција од селото Карабуништа да се спуштаат до Велешкиот Регион и да сечат и да ги носат назад со камиони. Дрвјата што се сечат се нискостеблести дабови и букови, некаде и габери.

Според податоците добиени од ЈП Национални шуми, во Велешкиот Регион од 2014 до 2019 година бесправно исечени се околу 6933,27 метри кубни.

Табела бр. 5

*Податоци добиени од подружница ЈП Национални Шуми „Бабуна" - Велес*

| Година | Проценка на бесправно исечена дрвна маса ($м^3$) |
|---|---|
| 2014 | 1382,09 $м^3$ |
| 2015 | 677,22 $м^3$ |
| 2016 | 1385,44 $м^3$ |
| 2017 | 882,9 $м^3$ |
| 2018 | 990,08 $м^3$ |
| 2019 | 1615,54 $м^3$ |
| **Вкупно** | **6933,27 $м^3$** |

Најфреквентното место каде што се спроведува бесправната сеча е регионот кај Степанци, Поменово и Јасеново. Во многу помали размери постои и во планинските села Долно и Горно Јаболчиште, Горно Врановци и Бузалково, кои се големи села, но и села што немаат можност да се снабдуваат на различен начин. Дрвата на жителите на овие села им служат за огрев и ним им се наплаќа паушал, без намера за продажба и профит.

*„Шумочуварска служба има таму проблем, физички се напаѓани, уништувани се возила и тие се многу таму. Можеби се работи за 50 до 100 луѓе, кои организирано работат и ги носат огревните дрва во Прилеп, каде што се продаваат."*[25]

Во Велес, слично како во другите места низ државата, службите за заштита од криминал и негово спречување на локално ниво многу често имаат нарушени меѓуинституционални односи, лоша соработка и несолидарност едни со други, професионален песимизам во однос на бесправната сеча и институционален песимизам во однос на неговото спречување. Соработката многу често ја оневозможува и карактерот на работните обврски и начинот како тие се спроведуваат. Малиот број возила, тенкиот буџет за гориво, малиот број вработени лица и недовербата кон вработените во другите институции се причините зошто соработката во насока на превенирање и сузбивање е слаба.

Во Велес, освен површната соработка на институциите за заштита и превенција, се јавува како потреба соработката со соодветните институции од Прилеп. Во минатото тие соработки биле многу поинтензивни и со поквалитетни резултати. Во последниве години се појавуваат групи што живеат во еден регион, сечат во друг, а на крајот ги пренесуваат дрвата назад каде што живеат и ги продаваат.

*„Сега тука фали соработка меѓу Велес и Прилеп. Ако има тука соработка, бесправното сечење ќе може да се сведе на минимум. Ако има соработка меѓу институциите, значи полиција, Шумска полиција, шумочуварските служби на подружниците на Национални шуми... после тука се и МВР, треба да се подигне овој случај на повисоко ниво за да се спречи."*[26]

Теренското истражување покажа дека, често кога шумските полицајци се наоѓаат на терен, имаат легитимирано лица што го кршат законот или тие имаат исечено неколку кубни метри дрва и, притоа, шумските полицајци се помалобројни, помош, во смисла на засилување од страна на други институции, како Министерството за внатрешни работи, не добиваат. На ваков начин вработените во овие институции се оставани на цедило, а со тоа и обесхрабрени.

[25] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[26] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Од друга страна, ситната корупција, како последица на незадоволството од условите за работа и од висината на платата, партизацијата и несоодветните критериуми при вработување и слично, создава можности за „инсајдери", односно внатрешни помагачи на организираните групи.

***„Е, сега, има соработка или најверојатно поддршка од поединци во институциите, каде што веќе доаѓаме до мито и корупција, значи не зборувам за институции, туку за поединци. Значи, лица од МВР им дојавуваат или им кажуваат каде се нивните колеги или од Шумската полиција, и можеби се и тие инволвирани. Можеби вработени од Македонски шуми или од Министерството или политичари функционери, значи, меѓутоа, не се на прво место, да речеме инволвирани, туку во скриена форма. Значи, мое убедување е дека крадците нема да бидат толку успешни, ако немаат поддршка и дојава од поединци, како што веќе споменав."*** [27]

Врз база на одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, во Велес е пријавен вкупно 31 напад врз шумочувари. Од 1991 година до денес Велес е втор град со најголем број напади врз шумочувари, по Гостивар со 44 пријавени напади.

Во периодот од 1999 година до половината на 2008 година поднесени се вкупно 627 пријави, од кои 569 се прекршочни, а 103 кривични.[28]

Во насока на предметите и нивната разврска во судовите, и во Велес, како во другите градови, многу е помал бројот на процесирани предмети од оној на поднесени предмети до Основното јавно обвинителство – Велес. Од 1991 година во Велес вкупно се процесирани 26 предмети. Информациите што ги дава судот во врска со кривичните предмети е дека тие се вкупно 19, од кои 3 се парични, 11 се условни, 3 се запрени и 2 предмета се одбиени.

[27] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
[28] ЈП Македонски шуми 1998-2018, уред. Соња Никчевиќ, [Скопје: Винсент Графика, 2018] 158

Табела бр. 6

*Исходи од постапки по чл. 226 од КЗ според податоци добиени од Основниот суд во Велес*

| | |
|---|---|
| Парични казни | 3 |
| Условни пресуди | 11 |
| Запрени постапки | 3 |
| Одбивателни пресуди | 2 |

Информациите што ги дава судот во врска со кривичните предмети е дека тие се вкупно 19, од кои 3 се парични, 11 се условни, 3 се запрени и 2 предмета се одбиени на прогонот, кои треба да ги приведат групите, а кои, како што беше нагласено претходно, во над 90 % од случаите се побројни од шумочуварите или од припадниците на Шумската полиција. Во случај да бидат помалку во бројност, нивната мобилизација е побрза и поефикасна отколку таа на државните органи.

Од друга страна, и овој жежок костен се префрла од рака в рака. Па, на прашањето од кои причини не поднесуваат повеќе кривични пријави и зошто се одлучуваат за прекршочни пријави, одговорите се дека друга служба има поголеми овластувања и дека тие треба да го направат тоа.

> ***„Пријавите одат до Шумската полиција, потоа Шумската полиција ги проследува до судот. Затоа што Шумската полиција има поголеми овластувања од нас, ние сме фактички една помошна гранка на Шумската полиција, кои ги храниме со информации или им даваме пријави некојси заони да ги проследуваат на суд и да ги бранат таму.“[29]***

Еден од проблемите на пристапот со прекршочните пријави е што тие не само што немаат соодветен механизам на рехабилитација туку често не можат и да се наплатат, поради немањето лични документи, многу претходни неплатени прекршочни казни, немање можност за извршување на казните итн.

***„Видете, тие се сите дадени на суд. Немаат никакви материјални примања и судот не може никако да ги наплати казните што им се досудени. Значи, некои што се вработиле потоа, им ги сопираат примањата, некои имаат и по 10 или 15 пријави и казни за плаќање, една казна е околу 3000 или 3750 евра. Ги казнуваат по две, по три илјади евра, зависи кај кој судија како. Последната информација е дека се намалени казните на околу 750 евра, ги казнуваат и не можат да ги наплатат.“*** [30]

[29] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
[30] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

## СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО

Струмица е град со неколку планини – Еленица, Огражден и Беласица. Од нив, регионот на планината Еленица е најзагрозен од активностите на организираните групи што сечат дрвја и ги препродаваат. Главно се сечат дрва за огрев, меѓутоа теренската анализа доведе до наводи за сечење и на техничко дрво. Огревните дрва се препродаваат и со оваа активност се занимаваат социјално исклучените категории од Струмица и околината.

Според податоците добиени од ЈП Национални шуми, во периодот од 2014 до 2019 година бесправно исечени се 1116,32 метри кубни.

Табела бр. 7

*Податоци добиени од подружница на ЈП Национални Шуми „Беласица “ - Струмица*

| **Година** | **Проценка на бесправно исечената дрвна маса ($м^3$)** |
|---|---|
| 2014 | 179,3 $м^3$ |
| 2015 | 319,82 $м^3$ |
| 2016 | 71,86 $м^3$ |
| 2017 | 131,3 $м^3$ |
| 2018 | 367,79 $м^3$ |
| 2019 | 46,25 $м^3$ |
| **Вкупно** | **1116,32 $м^3$** |

Анализата покажа и различни ставови во однос на интензитетот на нелегалната сеча. Тоа е, всушност, и ракурсот на претставниците на две институции – шумочуварската служба како дел од Секторот заштита при подружницата на ЈП Национални шуми „Беласица“ – Струмица и претставници на Шумската полиција.

Првите сметаат дека нелегалната сеча е присутна со полн интензитет, додека, пак, вторите сметаат дека таа е многу намалена.

Оттука, ставот на претставникот на Шумската полиција е:

*„За нелегална сеча, има постојано. Сега повеќе се зголемува, доцна есен и зимскиот период населението ќе прекине веќе со земјоделските активности и нема што да работи, тогаш се повеќе, преку летниот период е слабо. Значи, има одредени две-три села што се во шумата и таму си има, ама е со послаб интензитет. Не е како што беа, да кажеме, пред 10 години, сега е многу малку. Значи, побарувачката е намалена, народот се преориентира, кој на струја со клими, кој на печка на пелети, а и го нема народот, што се вика, во Струмичко."*[31]

Додека, пак, ставот на претставникот на шумочуварската служба е:

*„Гледаме со запрежни коли... ги гледаме, ги сликаме, ни ги зедоа телефоните – ги избришаа сликите... насилни беа, со оружја... нема разбирачка со нив, пријавено во МВР, и на суд најниски казни добиваат. Старо Балдовци одат со коли, по 15 луѓе одат. Од искуство веќе ги пријавувам на Шумската полиција и не се презема ништо, а никако не преземаат некои дејства, да ги сопреме – ден-денеска сечат дрва. Моторните возила се нерегистрирани. За време на короната, кога имаше забрана, они работат, никој не ги сопира."*[32]

Така, според првиот цитат од едно од интервјуата во Струмица, нелегалната сеча е активност на земјоделци што за време на летниот период се занимаваат со земјоделство, додека, пак, наесен и во зима се префрлаат на активности поврзани со нелегалната сеча.

[31] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[32] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Како главна причина се истакнува иселувањето на жителите од градот Струмица и намалувањето на потребата за греење со дрва, која беше засилена во меѓувреме и со активностите што ги спроведуваа локалните власти за замена на греењето со дрва со инвертер-клими. Вториот цитат укажува на многу организирани елементи, кои добиваат помош и од страна на институциите на системот, како правосудството и органите на прогонот, а луѓето што треба да го спречат овој феномен, или се недоволно организирани или се обесхрабрени да дејствуваат, или, во најлош случај, се инволвирани во корупциски односи со самите криминални групи.

Според овие две изјави, може да се заклучи дека односите на двете служби меѓу себе негуваат недоверба и своевиден антагонизам. Ваков однос се забележува и во другите градови, особено во Прилеп, каде што теренското истражување дојде до наоди што можат да го дефинираат како епицентар на организираниот криминал во однос на нелегалната сеча на дрва.

> *„Слаба е соработката. МВР вика: Си имате Шумска полиција, што нѐ замарате?! Двораштани, каде што е пограничен појас, се сече и се носи. Таму по 5 кубици носат дрва, двораштани најмногу.“*[33]

Тоа што се чини дека накрај ја перпетуира оваа појава постојано е несоодветното казнување на овие лица.

> ***„Судот ги казнува, сега најголемата казна е 250 евра, забранија да вршиме порамнување. Не се казнува по Законот за шуми, се казнува по Законот за прекршоци. Прекршоците ги намалија и сега не можеме ние да одредиме, значи, која е соодветната казна. Таа е иста за сите. Што ако те казнат 3000 евра, кога немаш што да му земеш и си стојат. Со затвор, казна не се заменува... така што, си стојат некаде тие одлуките, он нема ништо на негово име и тоа не е решение. Не е решение 5000 евра да го казни, а да не може да му ги земе. Поарно 50 евра, па 50 евра да му ги земе.“***[34]

[33] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[34] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.в

Во однос на предмети што се однесуваат на „пустошење шума", по член 226 од КЗ, водени од страна на Обвинителството во Струмица, на испратените барања за слободен пристап информации од јавен карактер беа добиени овие одговори:

Табела бр. 8

*Податоци добиени од ОЈО Струмица во врска со предмети по чл. 226 од КЗ*

| Година | Кривични пријави | Ослободителни пресуди | Поднесени жалби | Првостепени осудителни пресуди |
|---|---|---|---|---|
| 1995 | | | | 1 |
| 1997 | 3 | | | 3 |
| 2004 | 1 | | | |
| 2005 | 8 | 1 | | 1 |
| 2007 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 2017 | | 1 | | |
| **Вкупно** | **14** | **3** | **1** | **6** |

Како надополнување на податоците добиени од страна на ОЈО, истите прашања беа пратени и до Основниот суд во Струмица, од каде што беше добиен одговор дека во Основниот суд Струмица нема правосилни пресуди со казна затвор за бесправна сеча по член 226 од КЗ од 1991 година до 2020 година.

Со тоа, малата бројка кривични предмети прифатени и процесирани до осудителни пресуди е несразмерна со учеството на нелегалната сеча како општествен, социјален и кривичноправен проблем. Тоа што ја докомплицира ситуацијата со нелегалната сеча во Струмичко е социјалниот елемент.

*„Целосно да се запре мислам дека не може. Сепак, тука е социјала повеќе. Не е некој голем организиран криминал, повеќе се случува по кражбите за препитавање. Е, сега, да сака државата, може да се зголеми бројот на луѓе... и казните да можат да се преиначат во затворски казни за тие што не можат да платат. Со новите возила, дастерите додека беа, може да пристапиш каде било, кривични пријави во транспортот не се изводливи. Имаме поднесено... и сите паѓаат."*[35]

[35] Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

## ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКИОТ РЕГИОН

Географската поставеност на градот Гевгелија, кој се наоѓа на јужниот дел од државата, до самата граница со Република Грција, му обезбедува извесна заштита во однос на нелегалната сеча на дрвја. Во овој контекст влегува и бегалската криза и присуството на полициски службеници од редовите на државите членки на Европската Унија – Фронтекс, уште од 2016 година, па сè до денес.[36]

Исто така, бројот на жителите на градот во последниве години константно се намалува.

*„Гевгелија се наоѓа на јужната граница на државата и една причина за намалениот број кражби е што сме на гранично место. Тука, на овој дел, има добра соработка со ШП. Едни од ретките сме. И има покривање на територијата на границата со гранична полиција, посебно по мигрантската криза, зголемена е и патролата. Кога ќе ги собереш сите овие работи, тоа дава некој позитивен резултат.“*[37]

Оваа состојба ја објаснува и податокот добиен од страна на ЈП Национални шуми, кој зборува во насока на тоа дека во периодот од 2014 до 2019 година вкупниот износ на бесправно исечена дрвна маса во метри квадратни е 339,03 метри кубни.

Табела бр. 9

*Податоци добиени од подружница на ЈП Национални Шуми „Кожув" - Струмица*

| Година | Проценка на бесправно исечената дрвна маса ($м^3$) |
|---|---|
| 2014 | / |
| 2015 | / |
| 2016 | 27 $м^3$ |
| 2017 | 183,6 $м^3$ |
| 2018 | 41,38 $м^3$ |
| 2019 | 87,05 $м^3$ |
| **Вкупно** | **339,03 $м^3$** |

36 Синиша Станковиќ, "Унгарски Полицајци Помагаат Со Бегалците Во Македонија," 2016, https://mk.voanews.com/a/voa-macedonian-macedonian-border-hungarian-police-collaboration/3133990.html.

37 Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Но, и покрај сето ова, една од причините за нелегалната сеча на територија на Република Северна Македонија, генерално, претставува институционалната негрижа и незаинтересираност да се вложуваат ресурси и внимание во овој сектор.

> *„Гевгелија, во споредба со другите шумарства, има најмал број бесправни сечи и кражби, и најмало оштетување. Има поединци, ги знаеме крадците, но поради авторитетот што го немаме, не можеме да реагираме. Шумарството како гранка нема авторитет во системот на државата веќе подолго време. Имаме 3-4 институции што се занимаваат со шумарство, тоа е Јавното претпријатие, Шумската полиција, Факултетот, Министерството за шумарство и земјоделство, меѓу нив нема соработка и нема ни успех. Затоа никој не нè есапи во системот.“[38]*

Разликата на другите градови со Гевгелија е што најголемата сеча на дрва ја прави ЈП Национални шуми. Огревното дрво се користи од жителите на Гевгелија, но мал дел од тоа што се јавува како вишок се транспортира во Скопје. Во минатото голем дел од градовите што немале производство на дрва се снабдувале од дрвата обезбедени од подружницата на ЈП Национални шуми „Кожув“ – Гевгелија. Организираните групи што спроведуваат нелегална сеча најчесто сечат даб, јавор и платан, а помалку бука.

Во однос на соработката на службите за заштита и спречување, во Гевгелија тие работат координирано и успешно. Една од причините за тоа е и малата присутност на организираните групи што сечат во пониските делови на Кожуф.

> *Ние како шумарство тоа не можеме сами да го извршиме сами, ова е во соработка со Шумската полиција. Ние за сè што ќе заплениме на самото место, мора да дојде Шумската полиција; дури и граничната полиција ако заплени нешто ја вика Шумската полиција, таа прави записник. Сите случаи ѝ ги презема Шумската полиција и поднесува пријави, дали прекршочни, дали кривични. Понатаму веќе нема прегледност колку има реализирани колку не, поради тоа дека, нели, кажавме дека има затајување, па условно осудени.“[39]*

[38] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

[39] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

Тоа што претставува своевиден проблем на овие служби е квалитативно ниската професионална структура, партиските вработувања и малиот број вработени шумочувари, кои како дел од редовите на шумочуварската служба би биле присутни како реонски набљудувачи на падините на Кожуф.

*„Треба да се види структурата на шумочуварската служба. Тоа се најнеписмени луѓе. Низ годините, ако некој не можел да работи друго, пикни го во таа служба. Не е лоша идејата, но со оваа служба така не може. Квалитетот на кадри е низок.“* [40]

Тоа што останува да лебди во воздухот се одговорите добиени од ОЈО Гевгелија и Основниот суд од Гевгелија, каде што од 1991 година до 2020 година не се постапувало по предмети по член 226 од КЗ, односно „пустошење шума“.

Може да се заклучи дека и во Гевгелија односот на структурите задолжени за заштита и спречување на криминал кон делата поврзани со нелегалната сеча на дрва е толерантен и санкционирањето се сведува само на прекршочни постапки.

[40] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

# СОЦИЈАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА НЕЛЕГАЛНА СЕЧА ВО ПРИЛЕП, ВЕЛЕС, СТРУМИЦА И ВО ГЕВГЕЛИЈА

Од спроведените интервјуа можат да се мапираат не само формите на организиран криминал туку и профили на извршителите на овој криминал. Доколку се навлезе подлабоко во потрагата по општите црти на социјалниот и на организацискиот профил на криминалецот, микрокарактеристиките укажуваат на крајно различни профили. Сепак, постојат и поопшти карактеристики, кои овозможуваат создавање фоторобот.

Според информациите од интервјуата, протагонистите најчесто се опишуваат како лица од „другата“ етничка заедница, меѓутоа, поради спречување на создавањето какви било меѓуетнички стереотипи, во ова истражување тие податоци нема да бидат земени како релевантни. Во таа насока, во продолжение ќе бидат опфатени социјалниот и институционалниот елемент, како клучни во креирањето на профилот на „криминалецот што се занимава со бесправна сеча на дрвја“.

Криминалецот во Прилеп и во Струмица има карактеристики на човек што живее во град, но во населба која е речиси гетоизирана и живее според најниските социјални стандарди. Тој живее и во локалните села, каде што можностите за заработка и преживување му се главно од земјоделство и сточарство, а нелегалната сеча се јавува како можност за дополнителна заработка.

Криминалецот во Велес има номадска карактеристика и живее во Прилеп, а дејствува во Велес. Карактеристиките на овој профил се совпаѓаат со оние на криминалецот во Прилеп. Овие групи граѓата што ја собираат ја носат назад во Прилеп и Прилепско и ја продаваат. Патот што го користат е патот Богородица, стариот пат од Велес преку Извор, Степанци, Дервен до Прилеп.

Кај криминалецот во Гевгелија, пак, се забележува фузија на две криминални активности. Првата е нелегалната сеча, а втората е шверц на мигранти преку границата со Грција, кои се пренесуваат на територија на Република Северна Македонија. Оваа втората е причината за засилениот мониторинг од страна на полициски претставници на државите членки на Европската Унија – Унгарија, Австрија, Словенија и Хрватска, на јужната граница на државата.

*„Да, имаше случај кога фатија еден шверцер што работи со мигранти и го фатија со дрва. Џипот беше запленет и предаден од Агенцијата за одземен имот. Ги носи дрвата како покритие. Тој луѓе истовара. Инаку, ние им даваме на планинските места дозволено сечиште, си сечат под контрола за свои потреби и шумарот наплаќа. Крадци се поединци. Ние запленуваме многу евтини и стари возила, како лади, и да им ги земат, ништо не ги чини.“* [41]

Криминалецот бр. 1 најчесто оперира во група од 10 до 30 луѓе. Организациски се единствени, со импровизирана механизација и со инструменти со кои се извршува сечата. Неколку чекори ја карактеризираат сечата: (1) транспортот до местото на сечата, (2) сечењето на дрвата и складирањето, (3) создавањето своевидни складови со најлонски тенди и услови за преноќување на дел од групата, (4) дел од нив го пренесуваат пленот во градот, дел го чуваат во случај на контрола на некоја од службите за заштита и спречување на криминални активности, дел од нив преноќуваат на тоа место, (5) целосно ја транспортираат граѓата до градот. Во преносот на дрвата, освен механизацијата, која вклучува секакви импровизирани автомобили, влегуваат и животни, како коњи и магариња, кои престојуваат во самите складови. Според спроведените интервјуа, овие групи имаат извршителна функција во однос на целата организација со бесправната сеча, крајниот и поголем профит доаѓа во рацете на лица што не се дел од овие структури, а според некои интервјуа, дел од профитот завршува за финансирање на некои од кампањите на најголемите политички партии.

Според изјавите на интервјуираните лица, многу често овие луѓе се вооружени, агресивни, насилни и често во првиот контакт со која било инстанција за заштита на шумите (шумочуварската служба, Шумската полиција или МВР), тие напаѓаат. Вториот чекор се заканите, кои не се однесуваат само на лицата заштитници на шумата, туку и на нивните најблиски и нивниот приватен имот (куќи, автомобили, разни предмети во домаќинството). Неколкупати заканите се реализирале со тоа што кај неколкумина, било шумски полицајци, било шумочувари, биле запалени и изгорени автомобили или предмети во домаќинството. Минатата година во околината на Прилеп (Никодин -Степанци) командирот на полициската станица Чашка со четворица свои соработници беше претепан на самото место на настанот токму од овие групи.[42] Во Прилеп во последните пет години 14 пати се пријавени напади врз шумочуварската служба од страна на криминалците. Овој профил на криминалци во голема мера е присутен во Прилеп и во Струмица.

[41] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
[42] П. Печков, "ПЕТМИНА ПОЛИЦАЈЦИ ПРЕТЕПАНИ ОД ДРВОКРАДЦИ КАЈ ВЕЛЕШКОТО СЕЛО СТЕПАНЦИ."

Криминалецот бр. 2 има организациска структура од неколку хиерархиски слоеви. Тој, пред сè, живее во рурална средина, односно во село окружено со други села околу. Организациската структура се состои од извршители, транспортери и организатори. Извршителите ги сечат дрвјата и ги пренесуваат до селото или до пред атарот на селото. Транспортот на дрвата во овој стадиум најчесто е со помали возила или со животни (магариња или коњи).

Социјалниот профил на оние што на директен начин се ангажирани во сечата е мошне низок. Овие дрвосечачи доаѓаат од најбедните слоеви на општеството и нивната лична заработка е од 500 до 1000 денари на ден. Откако дрвата се пренесени до транспортерот, кој поседува поголеми превозни капацитети (товарни возила како ТАМ или ФАП), тој ги транспортира во околните села. Организаторите, кои најчесто – од село во село – обично се двајца до тројца, имаат своја „тајфа“, ги примаат порачките и го организираат транспортот до крајната цел. Овој тип криминални активности е организиран во неколку села во околината на Прилеп.

И едната и другата група ги користат сите расположливи средства за антиципација и спречување на каков и да е судир со органите на прогонот и можност да завршат во затвор. Оттука, нивните живеалишта се на периферијата на градот или на селото од каде што доаѓаат и се близу до шумата што ја сечат. Нужно, службите што треба да ги санкционираат поминуваат низ населените места каде што тие, всушност, живеат. Околното население им служи и на едната и на другата група како логистика, ги информираат дека во шумата се впуштаат возила на шумочуварската служба, Шумската полиција или на МВР и со тоа тие во секое време се мобилизирани и координирани.

*„Чека некој негде на некоја раскрсница и вика: на Шумската полиција денеска возилото е во Чашка. Значи, акција се прави, дрвокрадците се организираат на друго место, некои поединци, корумпирани кај нас и во Шумската полиција или во полицијата... од каде било, соработуваат со крадците.“* [43]

[43] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

*„Најмуваат деца со телефони и они им кажуваат ако иде полиција да прекинат со сечата. Или, на пример, ако одиме ние во шумата, им кажуваат... се јавуваат. Немаат матични броеви, сум ги пријавувал - на тоа и тоа лице - излегува дека е од Тетово. Немаат документи, не ти кажуваат точно име и презиме.“* [44]

Овој вид организираност се забележува во регионите на Велес, Прилеп и на Струмица. Всушност, секаде каде што бесправната сеча е присутна како форма на организиран криминал, активностите се одвиваат врз база на постојана комуникација со мобилните телефони или интернет-пристапот и социјалните платформи.

[44] Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Ова истражување покажа дека формите на организиран криминал во врска со нелегалната сеча имаат комплексни организациско-структурни причини.

Од перспектива на групите што се занимаваат со нелегална сеча, може да се утврдат главно два мотива што ги зближуваат, а со тоа и ги организираат меѓусебните односи на соработка. Првата е социјалниот карактер на припадниците на овие групи, кои, главно, доаѓаат од социјално исклучените слоеви, без можности за вклучување на пазарот на трудот, без ресурси за создавање своевидна автономна економска одржливост и немање техники и вештини со кои економските, социјалните и меѓучовечките односи би се подобриле, а со тоа и општествената инклузија би била повклучувачка за нив.

Втората група е онаа што организирањето и спроведувањето на нелегалната сеча ја гледа како можност за заработка и профит. Оваа група ја сочинуваат неколку подгрупи, меѓу кои: организатори, спроведувачи и аргати и дистрибутери. Организатори се оние што го организираат процесот на сечење, транспорт, продавање, на преговарање и поткупување на претставниците на државните институции задолжени за заштита и сузбивање на овие групи. Организаторите се оние што добиваат најголем дел од колачот од оваа криминална дејност. Другиот слој се дистрибутерите, кои поседуваат возила, најчесто од марката ТАМ и ФАП, но и различни каросериски импровизирани и надградувани возила, со кои ги пренесуваат дрвата до крајните потрошувачи. Многу често дистрибутерите се вклучени и во фазата на сечење на дрвата и  припаѓаат и на таа група спроведувачи на сечата, иако оваа група е најексплоатирана, во смисла на тоа дека има најголем физички и кривичен ангажман и опасност, затоа што припадниците на оваа група се лично ангажирани во можноста за судир со органите на прогонот.

Условите во минатото за овие форми на организација, мобилизација и спречување на секакви можни судири со органите на прогонот биле понеадекватни. Со појавата на модерните телекомуникациски можности, интернетот и социјалните мрежи, им се овозможува и им помага тие да се збијат, да се поддржуваат едни со други и да се заштитуваат, главно од службите за заштита, како шумочуварската служба, Шумската полиција и редовната полиција при МВР.

Како заштитна алка на овие групи се јавуваат и одредени инстанции на државните институции, кои неретко се јавуваат и во улога на организатори на овие групи, а многу често и како нивни заштитници во услови кога групите се евидентирани и треба да бидат приведени.

Тоа што се јавува како олеснителен елемент за криминалните групи е и одлуката на припадниците на шумочуварските служби и на Шумската полиција предметите да ги евидентираат и да ги процесираат како прекршочни, а не како кривични. Прекршочните предмети завршуваат со парични казни за лица што ниту поседуваат лични документи ниту има начин како да им се наплатат, односно се работи за лица што не можат да ја почувствуваат глобата на државата врз сопствената кожа.

Друг значаен елемент што ги стимулира овие групи да продолжат со овој вид еколошки криминал е одбивањето на кривичните предмети од страна на јавните обвинителства или на судовите. Со тоа што многу малку кривични дела се процесирани од страна на основните судови, со што практиката на несоодветно казнување се зголемува, а со тоа и можноста за реедукација и ресоцијализација на извршителите на овие дела е речиси невозможна.

Оттука, следуваат и следните препораки за институциите.

## ЈПНШ

- Департизација на вработувањата и повисоки критериуми за регрутираните лица во секторот заштита и за оние што работат како шумочувари.

- Обуки и можност за напредување на постојните вработени во подружниците на ЈПНШ.

- Униформи и поголеми овластувања на припадниците на шумочуварската служба на терен (како, на пример, користење оружје).

- Итно активирање на неактивната телефонска линија за анонимно пријавување на бесправната сеча и транспорт на бесправно исечените дрвја.

- Поголема организациска автономија на подрачните единици на ЈПНШ.

- Воведување механизам за внатрешна контрола на работата на вработените.

## КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ СО НЕЛЕГАЛНАТА СЕЧА

- Вклучување на претставници на основните кривични судови и јавните обвинителства од целата држава.

- Донесување национална стратегија и акциски план за заштита на шумите, во кои ќе учествуваат и стручни лица од Шумарскиот факултет при УКИМ.

- Измени и дополнувања во Законот за шумите во делот на овластувањата на Шумската полиција, особено во дефинирањето на тоа во кои услови ќе се пропишува кривична одговорност, а во кои ќе се санкционираат со прекршочна пријава лицата што на самото место се евидентирани како извршуваат нелегална сеча на дрва и пустошење на шумите.

- Стимулирање на поефективна и подинамична соработка на централно, но и на локално ниво на шумочуварската служба, Шумската полиција и редовната полиција.

- Вклучување на Шумарскиот факултет во сите активности поврзани со шумарството и шумскиот фонд на државата.

## ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

- Департизација на вработувањата, повисоки критериуми во однос на образованието и морален интегритет.

- Донесување Закон за Шумска полиција.

- Вклучување и на административниот кадар во опфатот на Колективниот договор, кој по потпишувањето во април 2021 година не ги уживаше придобивките што ги стекнаа другите вработени во секторот по потпишувањето на Договорот.

- Поголем буџет за подобрување на условите на вработените во Шумската полиција, како: гориво за возилата на Шумската полиција, енергетска ефикасност на полициските станици на Шумската полиција и снабдување со опрема – компјутери, печатачи, оружје и модерна техничка опрема за надгледување на шумите и движење во нив.

- Вработување хигиеничари во полициските станици на Шумската полиција.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

• Подинамична и редовна соработка со Шумската полиција, која ќе придонесе за поголема респонзивност во однос на барањата за засилување на акциите на Шумската полиција на терен.

## ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО И ОСНОВНИ СУДОВИ

• Прифаќање на кривичните пријави и нивно проследување до судовите, а со тоа и воведување посериозен однос кон делата што припаѓаат на доменот од еколошкиот криминал, односно кривично гонење на сторителите на ваквите дела.

• Соодветно архивирање на ваквите предмети и креирање статистички податоци во врска со делото „пустошење шума“ од Кривичниот законик.

## ОПШТИНИ И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ

• Воспоставување на Локални совети за превенција (ЛСП) во рамки на општините каде проблемот со нелегална сеча и трговија со дрва стекнати преку нелегална сеча ќе бидат ставени како приоритет за решавање.

• Вклучување на претставници од месно надлежни Обвинителства, Судови, СВР при МВР, Месни заедници, подружници на ЈП Национални Шуми (Шумочувари – Сектор безбедност и заштита), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (Шумска полиција)

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА (УВМК)

• Регулирање на статусот на лица без матичен број (недокументирано население), преку реализација на јавна кампања (МТСП и УВМК) наменета за намалување на бројот на недокументираното население и овозможување на механизам за регистрација на недокументираните индивидуи (МП и УВМК).

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

- МТСП да соработува со релевантни граѓански организации, со цел спроведување на теренски активности насочени кон поттикнување на регистрација на недокументирани лица.

## ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И НЕФОРМАЛНИ ГРУПИ

- Релевантни граѓански организации активно да го следат спроведувањето на обврските произлезени од Климатскиот пакт од Глазгов, Шкотска од 2021 г. (COP26)

- Иницирање на Советодавни групи на граѓани (СГГ) во рамки на општините посветени на проблемот со нелегална сеча на локално ниво.

- Работа со месното население, особено во руралните средини за кревање на свест од последиците предизвикани од нелегална сеча на шуми и дрвја.

- Охрабрување месното население, особено од руралните средини, за соработка со надлежните институции.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник В, бесправна сеча во Прилеп, 21.10.2021, претставник на активистичка организација.
- Анонимен соговорник Г, бесправна сеча во Прилеп, 3.9.2021, поранешен протагонист во еколошки криминал.
- Анонимен соговорник Д, бесправна сеча во Прилеп, 24.9.2021, поранешен протагонист во еколошки криминал.
- Анонимен соговорник Ѓ, бесправна сеча во Прилеп, 2.12.2021, претставник на активистичка организација.
- Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Г, бесправна сеча во Велес, 16.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Гевгелија, 19.11.2021, претставник на активистичка организација.
- Анонимен соговорник А, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Б, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Анонимен соговорник Ѓ, бесправна сеча во Струмица, 13.9.2021, претставник на активистичка организација.
- Анонимен соговорник А, бесправна сеча и еколошки криминал во Скопје, 2.12.2021, претставник на институција за заштита и спречување.
- Кривичен законик на РМ („Службен весник на Република Македонија" 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14. 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18).
- Закон за шуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16).

- Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/07, 152/15).
- Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010; бр. 100/12 и бр.198/18).
- Државен завод за стастистика на Р.Македонија, Публикации:Шумарство во 2000-2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 и 2014 година, Скопје
- ЈП Македонски шуми 1998 – 2018. уред. Соња Никчевиќ. Скопје: Винсент Графика. 2018.
- ЈП Македонски шуми 1998 – 2008. уред. Соња Никчевиќ. Скопје: Винсент Графика. 2008.
- Закон за шуми, ПРАВИЛНИК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ШУМОЧУВАРСКАТА СЛУЖБА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНА КНИГА ЗА БЕСПРАВНИТЕ ДЕЈСТВИЈА И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ВО ШУМОЧУВАРСКИОТ РЕОН, (Службен весник на Република Македонија, бр.112).
- Закон за шуми, ПРАВИЛНИК ЗА ПРАВИЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА, (Службен весник на Република Македонија, бр.112) ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО, А.бр.114/21, 24.092021 година, Прилеп, МИ/МШ.
- Božič, Kristina. "THE FORTIFIED GATES OF THE BALKANS." February 26, 2021. https://kosovotwopointzero.com/en/the-fortified-gates-of-the-balkans/.
- Clifford, Mary. Environmental Crime: Enforcement, Policy, and Social Responsibility. Gaithersburg, Maryland: Aspen Publishers, 1998.
- A.K. "Владата „ги Почасти" Национални Шуми Со 100 Милиони Денари." January 9, 2021. https://faktor.mk/vladata-gi-pochasti-nacionalni-shumi-so-100-milioni-denari.
- Канзуров, Костантин. "Криминалистички карактеристики на еколошките кривични дела со посебен осврт на кривичното дело Пустошење на шума." УНИВЕРЗИТЕТ ,,СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ, n.d. Accessed November 28, 2021.
- "Наши Шуми." ЈП Национални Шуми 79 (2021): 4.
- "Николовски: Ги подобруваме условите за работа и ги мотивираме шумските полицајци посветено да придонесуваат кон борбата против нелегалната сеча." April 28, 2021. https://iportal.mk/makedonija/nikolovski-gi-podobruvame-uslo-vite-za-rabota-gi-motivirame-shumskite-policajci-posveteno-da-pridonesuvaat-kon-bor bata-protiv-nelegalnata-secha/.
- П. Печков. "ПЕТМИНА ПОЛИЦАЈЦИ ПРЕТЕПАНИ ОД ДРВОКРАДЦИ КАЈ ВЕЛЕШКОТО СЕЛО СТЕПАНЦИ." СакамДаКажам, September 25, 2020. https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/petmina-politsajts -pretepani-od-drvokradt-si-kaj-veleshkoto-selo-stepantsi/.

• Мета.мк. "Рудник Нема, Но Шумата Над Иловица Безмилосно Се Уништува, Надлежните Велат – Се е Законски," 2019. https://meta.mk/rudnik-nema-no-shumata-nad-ilovicza-bezmilono--se-unishtuva-nadlezhnite-velat-se-e-zakonski/?fbclid=IwAR2IjZtkBPXvh_lihZmlFY64WBJlSzcPU4YNZecKzPAAO6YqS6KJE85PmQs.
• Соња Никчевиќ, ed. ЈП Македонски Шуми 1998 – 2008. Скопје: Винсент Графика, 2008.
• Станковиќ, Синиша. "Унгарски Полицајци Помагаат Со Бегалците Во Македонија." 2016. https://mk.voanews.com/a/voa-macedonian-macedonian-border--hungarian-police-collaboration/3133990.html.
• Стефановски, Иван, Александра Данаиловска, и Мила Георгиевска. "ПУСТОШЕЊЕ НА НАШАТА ИДНИНА: ФОРМИ/МОДЕЛИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ВО БЕСПРАВНАТА СЕЧА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА." Скопје: ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ ЕВРОТИНК, 2021. http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/02/CIP-FINAL-Izvestaj-Drvokradci-%D0%9C%D0%9A.pdf.